АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 01.08.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3034 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот:** 7 јули 2023 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 31 јули 2023 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (идентификација на радиодифузер).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, емитуван на 7 јули 2023 година, на регионално ниво, **<u>констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.</u>**

Во дел од програмите емитувани на 7 јули 2023 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината. Тоа се податоци што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Спротивно на точките 6 (*импресум за програми од сопствено производство*) и 10 (*импресум за програми од туѓо производство*) од „Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците", без импресум се емитувани:

**7 јули 2023**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** |
| "N'POLLOG (Во Полог)", *интервју со д-р Арбен Таравари, генерален секретар на Алијанса за Албанците* | 04:00:49 | 04:42:21 |
| „Rruga drejt suksesit (Патот кон успехот)", *интервју со проф. д-р Веби Беџети* | 12:00:10 | 13:04:50 |
| "Ligjerat Fetare (Верско предавање)" | 13:09:59 | 14:03:58 |
| "N'POLLOG (Во Полог)", *интервју со Љуљзим Алиу* од *Алтернатива* | 14:06:11 | 14:52:51 |
| „NGA ARKIVI I TV USKANA- KËRÇOVË (Од архивот на ТВ Ускана-Кичево) | 21:46:35 | 22:43:50 |
| **Опис на прекршувањето**<br><br>Емисиите се емитувани без импресум, што е спротивно на точките 6 (*импресум за програми од сопствено производство*) и 10 (*импресум за програми од туѓо производство*) од „Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците". | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, во програмскиот сервис од 7 јули 2023 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***